**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на взаемниот политички договор помеѓу лидерите на најголемите парламентарни политички партии во Собранието на Република Северна Македонија, дефиниран на средбата одржана во Собранието на Република Северна Македонија на 04 декември 2023 година, за терминот за одржување на редовни претседателски избор на 24 Април и 8 Мај и редовни парламентарни избори на 8 Мај 2024 година, а во согласност со Законот за Влада и политичката пракса за формирање на преодна Влада за спроведување на парламентарни избори, политичките партии во Собранието на Република Северна Македонија со најголем број на пратеници донесоа одлука за формирање на преодна Влада на Република Северна Македонија. Преодната Влада има примарна цел за одржување на фер и демократски редовни претседателски и парламентарни избори, согласно Одлуката на Претседателот на Собранието, како и целосно, ефикасно и успешно продолжување и спроведување на политиките на прифатената Програма за работа на Владата 2022-2024 година.

Во таа смисла, политичките партии даваат јасна, целосна и недвосмислена поддршка за предлог, поддршка и формирање на Владата на Република Северна Македонија со јасен мандат за реализација на следните приоритети наведени во оваа

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ВЛАДАТА**

Врз основа на јасно дефинираните и консензуални стратегиски определби на граѓаните за целосна и забрзана интеграција и полноправно членство на државата во Европската Унија до 2030 година, успешно функционирање и придонес за државната, регионалната и европската колективна заедничка безбедност во рамки на НАТО Алијансата, ефикасно спроведување на успешните политики за унапредување на животниот стандард на граѓаните и забрзување на економскиот раст и развој преку јасни индикатори во 2024 година, во релација со успешните политики во сите економски сектори во државата, како и целосно продолжување на успешните политики, инструменти и одлуки за поддршка на социјалните, здравствените, образовните, културните и граѓанските потреби и приоритети на сите граѓани.

Конкретно, Програмата за работа на Владата ќе се базира на следните принципи на работа:

- ✓ Целосно почитување на Уставот и законите на Република Северна Македонија
- ✓ Успешна подготовка и спроведување на слободни, фер, демократски и конкурентни редовни претседателски и парламентарни избори во согласност со највисоките стандарди на Европската Унија, ОБСЕ/ОДИХР и Советот на Европа
- ✓ Континуитет во спроведување на успешните Владини политики и програми во 2024 година
- ✓ Одржување на висок степен на дијалог, отвореност, отчетност и инклузивност во својата работа и комуникација со сите институции и граѓаните
- ✓ Одржување и унапредување на стратешкото партнерство на Република Северна Македонија со Европската Унија, НАТО Алијансата и Соединетите Американски Држави
- ✓ Целосно спроведување на принципите и одлуките од Договорите важни за меѓу-етничките односи, внатрешната кохезија и стабилност и успешна евро-атлантска интеграција

**Во таа смисла, Владата на Република Северна Македонија, во периодот до изборот на следната политичка Влада, за свои стратешки и државни приоритети ги поставува:**

- ✓ Успешно организирање на слободни, фер и демократски редовни претседателски и парламентарни избори на 24 Април и 8 Мај 2024 година
- ✓ Продолжување на сите процеси кои произлегуваат од започнатите пристапни преговори со Европската Унија и забрзаната европска интеграција
- ✓ Раст и развој на економијата, пораст на животниот стандард на граѓаните преку зголемување на минималната и просечната плата и пензиите во 2024 година, намалување на инфлацијата и одржување на ценовната стабилност, пораст на вработеноста
- ✓ Директна поддршка на граѓаните и компаниите и во 2024 година, врз основа на успешните Програми и мерки дефинирани во мандатот на претходната Влада
- ✓ Успешно и ефикасно функционирање на сите Владини органи и институции
- ✓ Владеење на правото, борба против криминалот и корупцијата и целосен ред и поредок во државата
- ✓ Продолжување на реформските процеси на сите државни нивоа

- ✓ Целосно сервисирање на сите функции на државата во сите области, без исклучок
- ✓ Целосно исполнување на внатрешните и меѓународните Договори и обврски на државата во мандатот на претходната Влада

Врвен приоритет на Владата е подготовка и организирање на слободни, фер и демократски редовни **претседателски и парламентарни избори** во 2024 година. Конкретно, врз основа на договорот помеѓу парламентарните политички партии и одлуката на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија за одржување на редовните претседателски избори на 28 Април и 8 Мај 2024 година и парламентарните избори на 08 Мај 2024 година, Владата во директна, отворена и законита процедура и соработка со Собранието, Државната изборна комисија и Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР, Европската Унија и САД, ќе ги спроведе сите законски, институционални, организациски и оперативни предуслови за спроведување на јасната волја на граѓаните на слободни, фер и демократски избори.

За таа цел, Владата врз основа на широкиот меѓу-партиски дијалог, ќе овозможи ефикасно имплементирање на препораките на ОБСЕ/ОДИХР и останатите меѓународни организации, а со цел да се овозможат највисоките европски стандарди во процесот во изборната кампања и самите избори, односно да се одржат избори со целосен легалитет, легитимитет и консензуално прифаќање на изборната волја на граѓаните.

Со истата динамика, посветеност и навременост, Владата ќе продолжи да ги спроведува сите процеси и обврски кои произлегуваат од започнатите пристапни преговори со Европската Унија и забрзаната европска интеграција, а со цел полноправно членство до 2030 година.

2023 година е година обележана од успешен скрининг, верификуван од Европската Комисија, како и од земјите членки, а кој се одвиваше 15 месеци, приближно 100 дена, со директно учество на околу 1000 учесници од преку 200 различни институции. Во таа насока, Владата ќе ги реализира преземените обврски кои произлегуваат од одржаните билатерални скрининг состаноци, од извештајот на Европската Комисија од

скринингот за Кластер 1: Темелни вредности, како и од извештаите за останатите кластери кои се во процес на подготовка.

Дотолку повеќе, по официјалното писмо доставено од страна на шпанското претседателство со Советот на ЕУ на 13 ноември 2023 година, со кое ја повикува Северна Македонија да ги достави патоказите кои се обврска која произлегува од Преговарачката рамка за пристапување на Република Северна Македонија во членство во Европската Унија усвоена на 19 јули 2022 година, Владата го достави усвоениот текст на Патоказот за реформи во јавната администрација и Патоказот за поглавјата за владеење на правото со придружен Акциски план, откако претходно истите ги подготви во инклузивен процес во кој беа консултирани релевантните институции, Европската Комисија, Собранието, граѓанските организации, академската заедница. Во тесна соработка со сите засегнати страни, Владата ќе ги изврши потребните активности за унапредување на текстот на истите, како и за подготовка на Патоказот за функционирање на демократските институции, се до нивно финализирање. Последователно, Владата ќе ги преземе сите неопходни идни чекори за успешна имплементација на патоказите, вклучително и подготовка на акциски планови за систематско следење и навремено имплементирање на предвидените мерки.

Исто така, Владата ќе остане фокусирана на активностите кои произлегуваат од подготовката за успешно реализирање на Планот за раст, кој е дел од пакетот за проширување на Европската Комисија и е инструмент за засилување на социо-економската конвергенција на Западниот Балкан со Европската Унија и забрзување на ЕУ реформите. Тоа значи, реформска агенда, и нејзина последователна имплементација, која е наша обврска, а претставува сеопфатен и кохерентен пакет на мерки за постигнување на предвидените цели, за реформите планирани за следните четири години (2024-2027), а чија реализација ќе биде основа за добивање на најавените финансиски средства. Во таа насока, Владата ќе продолжи да ги презема сите чекори за финализирање на нашата индикативна листа на приоритети кои ќе бидат дел од Реформската агенда до Европската Комисија, а чиј нацрт беше доставен до Европската Комисија на 6 декември 2023 година, со конкретни чекори за остварување на приоритетите. Дополнително, Владата ќе пристапи и кон ревидирање и дефинирање на единствената листа на приоритетни проекти, што претставува втор сегмент кој е неопходен за успешно реализирање на Планот за раст.

Владата останува посветена на својата клучна цел на економската политика за **забрзан и одржлив раст на економијата** и пораст на БДП од најмалку 3% во 2024 година, одржување на фискалната стабилност преку мобилизирање на капитал од приватниот сектор како дополнување на финансиските средства од буџетот и задолжувањата.

Владата ќе продолжи да се фокусира на зголемувањето на обемот и имплементацијата на домашни и странски инвестиции, инвестиции во јавни и приватни проекти, како и значајно зголемување на ефикасноста во реализацијата на капиталните инвестиции (КАПЕФ механизам). Предвидените капитални инвестиции ќе продолжати во изборен период, бидејќи истите директно придонесуваат за економскиот раст и развој. Дополнително, во 2024 година, тие се поставени на највисоко ниво, и успешната реализација е од врвен интерес.

Владата ќе продолжи да поддржува конкретни инвестициски проекти и во јавниот и приватниот сектор, кои ќе значат подобрување на конкурентноста на економијата и подобрување на квалитетот на живот, а ќе се концентрирани во повеќе приоритетни области: зелена економија, дигитализација, иновации и технолошки развој, развој на физичката инфраструктура и човечкиот капитал, како и социјална кохезија.

Владата очекува да се овозможи успешно продолжување на видливите и препознатливи политики на претходната Влада. Во таа смисла, како клучни индикатори се определуваат заокружување на политиките кои ќе овозможат:

- ✓ Зголемување на минималната плата на највисоко ниво
- ✓ Зголемување на просечната плата на највисоко ниво досега
- ✓ Зголемување на пензиите
- ✓ Продолжување на субвенционирање на граѓаните и бизнисот особено во делот на цената на електричната и топлинската енергија, како и спречување на пораст, односно продолжување и спроведување на политики за намалување на цените на прехранбените производи
- ✓ Одржување на цените на најважните прехранбени производи и задржување на животниот стандард на граѓаните
- ✓ Продолжување на политиките за ценовна стабилизација и враќање на инфлацијата на претходните умерени и ниски нивоа
- ✓ Целосна соработка со институциите во монетарната политика

- ✓ Целосно придржување кон фискалната дисциплина и целосно исполнување на Буџетот за 2024 година.

Владата во 2024 година ќе се придржува кон одлуката на претходната Влада и не е предвидена промена на фискалната политика, односно, не е дефиниранововедување на нови даноци или промена на даночните стапки. Дополнително, примарен фокус ќе претставува целосниот опфат на даночните обврзници, неселективноста и ефикасноста, што е примарно за предвиденото зголемување на даночните и неданочните приходи.

Владата ќе продолжи со директна поддршка на домашните и странските компании, кои генерираат висока додадена вредност и нови работни места.

Борбата против неформалната економија, спроведувањето на Стратегијата за човечки капитал и продолжувањето на успешната трансформација на економијата останувaат исто така врвни приоритети на Владата.

Во тој контекст, целосната транспарентност и отчетност во управувањето со јавните финансии, и во предизборниот и изборен период, е врвен приоритет на Владата, како последица на високата транспарентност на минатата Влада.

Владата останува целосно посветена на **енергетската трансформација** и промена на енергетската структура на државата. Фокусот на обновливите извори на енергија и ефикасното искористување на расположливите природни ресурси, како што се сонцето, ветерот и водата претставуваат основа на македонската енергетска транзиција. Следејќи ги добрите политики и практики на Европската Унија, Владата ќе продолжи да го развива сигурниот, ефикасен, еколошки и конкурентен енергетски систем кој го подржува одржливиот економски раст на државата. Со тоа ќе продолжи рекордниот и историски пораст на инвестиции во нови и обновливи извори на енергија. Конкретно, поддршката за инсталирање на нови капацитети, како и континуираните инвестиции во гасификацијата.

**Модерна инфраструктура и поврзаност** останува приоритет на Владата. Безбедноста и модернизацијата на патната инфраструктура е врвен приоритет на Владата, поради зголемување на безбедноста на граѓаните, посилна економија и скратување на времето за транспорт и логистика. Владата останува посветена на продолжување на работите на

започнатите инвестициски проекти во инфраструктурата и завршување на најголем дел од проектите.

Владата ќе се фокусира на интензивирање на градежните работи на делниците на Коридорот 10 и пред се на Коридорот 8, особено во делот на работите на автопатот Кичево-Охрид, како и активноста на автопатот Скопје-Тетово-Гостивар.

Владата очекува целосно завршување на започнатите работи на автопатските и експресните делници.

Владата ќе го следи и целосно ќе ги поддржи проектите во локалните самоуправи, преку донесените одлуки за финансирање на проекти од комуналната инфраструктура, преку Централниот Буџет на Владата. На тој начин, Владата ќе ја продолжи политиката за поддршка и решавање на проблемите на граѓаните во сите општини, без разлика од кого тие се предводени.

Владата ќе продолжи со својата политика на развојно земјоделство.

Владата ќе продолжи со годишната вкупна финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во износ од околу 200 милиони евра насочена кон создавање услови за одржливост и раст и развој на земјоделските стопанства. Владата во 2024 година, ќе ја имплементира својата земјоделска реформа за авансна исплата на земјоделците, како што целосно и прецизно ќе ги сервисира сите обврски за директна поддршка на земјоделците, како и трансфери за рурален развој. За Владата и понатаму останува критично важно зголемувањето на производството, повисокиот квалитет на производите, заштитата на животната средина, безбедноста на храната, здравствената заштита и благосостојба на животните, како и современо и конкурентно земјоделство и производи со додадена вредност. Со новите политики, и воведување на новото земјоделство и во 2024 година, ќе се придонесе за обезбедување на национална одржливост, самостојност и целосно покривање на потребите за храна.

Политиката за исплата на највисок износ од 100% за зелена нафта за земјоделците, продолжува, а истата ќе се надгради согласно Програмите на претходната Влада. Конкретно, 2024 година, ќе биде рекордна година за поддршка и финансиска исплата на земјоделците, како резултат на одлуките на претходната Влада.

Владата во сегментот на **социјалната заштита** продолжува со фокусот кон принципите на социјална правда, солидарност и поддршка на ранливите групи, како и фокус кон заштита на безбедноста и здравјето при работа на граѓаните, социјалната сигурност, борба против сиромаштијата, заштита на децата, поддршка на развојот на Ромите, унапредување на родовата еднаквост, превенција и заштита од дискриминација, како и изградба и реновирање на градинки и други објекти за обезбедување социјална заштита на населението.

Владата ќе обезбеди навремена исплата на пензиите, како што пензиите ќе бидат зголемени. Владата целосно ќе ја спроведува одлуката на претходната Влада за финансиска поддршка на пензионерите со пониски пензии, со финансиска дотација и директна поддршка на пензионерите.

Владата ќе врши навремена и целосна исплата на социјалните трансфери на различните категории на корисници, согласно утврдените Програми, Буџетот за 2024 година и потребите на корисниците, а во согласност со соодветните законски правила во изборната кампања. Владата целосно ќе ги реализира сите форми на социјална поддршка на ранливите категории на граѓани, водејќи се од принципите на социјална правда, еднаквост и солидарност.

Владата ќе продолжи да спроведува политики за развивање на **квалитетно образование** достапно на сите. За Владата останува од висока важност функционирањето на образованието како интегрален систем кој ќе гради личности кои ќе ги почитуваат и негуваат граѓанските права, толеранцијата и различностите, ќе се воспитуваат и образуваат во духот на мултикултурализмот и ќе бидат конкурентни со своето адекватно и високо знаење и способности за потребите на модерното општество и економија.

Владата ќе продолжи да ги реализира мерките за поддршка на ученичкиот стандард на учениците во основно и средно образование, на кои им е потребна поддршка, како што ќе продолжи да го финансира студентскиот оброк.

Владата ќе изврши навремена и целосна подготовка за спроведување на сите активности поврзани за завршување на учебната година, како и активностите поврзани со уписите на нови ученици и студенти во следната.

Владата ќе ги спроведе сите активности за успешно продолжување на реформските активности во секторот образование како и реализација на инвестицискиот циклус за реконструкција на студентските домови, започнат од претходната Влада.

Владата ќе продолжи да ги реализира своите политики за креирање на **модерен и одржлив здравствен систем**. Во таа смисла, ќе продолжат сите инвестициски проекти за модернизација на здравствените капацитети во државата, инсталирањето на нова и современа опрема, како и инвестициите во човечкиот капитал, нужни за создавање на соодветен систем на јавно здравство.

Владата, во соработка со сите институции, ќе овозможи навремена исплата на сите обврски кон здравствениот кадар и институции, како што ќе ги реализира сите предвидени зголемени трансфери.

Владата е партнер на младите луѓе и сериозен дел од својот фокус ќе го определи за **младите.** Владата ќе спроведува мерки за мобилност, за размена на контакти, знаења и идеи на младите во рамки на Европската Унија. Ќе се зголемуваат можностите за работни места, за стекнување работни искуства и навики и за повисоки плати.

Политиките на Владата во сегментот на младинската политика ќе бидат насочени кон продолжување и дополнително намалување на младинската невработеност, зголемување на вработеноста и подобрување на квалитетот на животот на младите, вклучување на младите во процесите на одлучување, како и развој на нивните капацитети и давање шанса за креирање на општество по нивна мерка.

Владата како врвни приоритети ги дефинира **владеењето на правото** во целата држава. Владата во својата работа ќе се води од основните и напредни принципи на добро управување и тоа одговорност, ефикасност во спроведување на ветеното, отчетност, чесно работење, инклузивност и достапност.

Борбата против корупцијата и организираниот криминал и владеењето на правото остануваат централни и стратегиски политики и на оваа Влада. Владата ќе продолжи со реализација на сите започнати мерки и активности за реализација на стратешки цели и приоритети за борба против корупцијата, односно имплементација на активностите во рамките на четирите столба, односно преку дигитализација, независно и ефикасно

правосудство, професионализација на институциите и превентивните мерки.

Владата ќе ги спроведе сите започнати процеси за заокружување на домашното законодавство во релација со институционалните процеси на нашиот стратешки партнер, Соединетите Американски Држави, за определување и санкционирање на лицата поврзани со криминал и корупција.

Како клучен приоритет на Владата, ќе претставува заокружувањето на целиот процес на имплементација на измените на изборното законодавство, врз основа на препораките на ОБСЕ/ОДИХР, во соработка со Собранието, ДИК, НВО и останатите упатени институции.

Владата ќе ги презема сите активности за одржување на високиот степен на **јавна безбедност**, преку понатамошно и целосно професионално, законско, неселективно, активно и етичко постапување на МВР, преку продолжување на започнатите процеси за поддршка на човечките, организациските и оперативните капацитети на полицијата.

Владата ќе ги преземе сите активности за целосно функционирање на Министерството за внатрешни работи и максимален придонес во одржувањето на јавниот ред и мир, борбата против криминалот и корупцијата и продолжување на започнатиот тренд за намалување на криминалитетот во сите форми.

Владата ќе го постави независното и целосно професионално постапување на полицијата како врвен приоритет и обврска во согласност со законските обврски во предизборниот и изборниот период.

Одржувањето и унапредувањето на партнерството на Република Северна Македонија во рамките на НАТО Алијансата останува стратешки приоритет на Владата. Во тој контекст, Владата ќе продолжи да ги презема сите потребни чекори со цел во целост да ги спроведува прифатените обврски од НАТО, со фокус на продолжувањето на модернизацијата на Армијата и унапредувањето на условите и развојот на човечките капацитети. Исто така, Владата ќе продолжи да ги презема потребните активности во насока на целосно усогласување со Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската Унија, согласно одлуките на Влада.

За Владата врвен интерес ќе претставува целосното промовирање и имплементирање

на вредностите на толеранцијата, правичноста, еднаквите можности. **Меѓуетничките односи**, почитувањето на граѓанските, културните, јазичните, верските и останатите посебности се одлика на заедничкото општество и моделот на едно општество за сите. Промовирањето на општествената кохезија, инклузивност, борбата против говорот на омраза и почитувањето на различностите како права, ќе претставува обврска на Владата во целокупниот период.

Во таа смисла, Владата ќе ги преземе сите активности за задржување на слободата на медиумите и истакнување на важноста од слободни медиуми, особено во релација со предизборната и изборната кампања. Воедно, Владата ќе инсистира и низ дијалог и соработка ќе овозможи почитување на највисоките европски стандарди за професионално, непристрасно и објективно известување и информирање во изборниот процес, преку запазување на препораките на ОБСЕ/ОДИХР.

Владата останува посветена на започнатите и високи инвестиции и модели за поддршка на **културата** во државата. Владата ќе ги продолжи сите започнати активности за поддршка на планираните културни настани и целосно ќе ги поддржува институциите на сите нивоа и културните работници. Високото ниво на поддршка на човечкиот капитал, преку вистинско вреднување на авторскиот труд на културните работници ќе продолжи и дополнително ќе се интензивира.

За Владата ефикасно функционирање на **локалната самоуправа** е од високо значење. Владата целосно ќе го следи и поддржува реализирањето на локалните проекти, од интерес за граѓаните, а кои се поддржани од Владата во изминатиот период. Понатамошен развој на децентрализацијата и овозможување на ефикасно, одговорно и функционално работење на општините и исполнување на потребите на граѓаните, е приоритет за Владата и процес во кој заеднички ќе соработува со локалните самоуправи.

Владата се обврзува да продолжи да ги реализира Програмите за поддршка и финансирање на спортските сојузи и федерации, односно спортски клубови, како еден од моделите за развој на спортот во државата. Дополнително, Владата ќе ги интензивира сите активности за реализација на капиталните инвестиции и започнатите процеси за реконструкција на постојните и изградба на нови спортски капацитети и објекти.